Врз основа на член 6 став 1 точка 2, член 7 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ" бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18) и член 3 став 1 алинеја 1, член 4 став 1, 3, 4 и 5, член 5, член 10 и член 11 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Бирото за развој на образованието бр. 01-195/1 од 18.02.2020 година, Бирото за развој на образованието **објавува**

# КОНКУРС

за ангажирање надворешни соработници за стручна работа
во Бирото за развој на образованието

Бирото за развој на образованието има потреба од ангажирање надворешни соработници за стручна работа во Бирото за развој на образованието.

11. Надворешни соработници за изработка на нови наставни програми од прво до петто одделение на деветгодишното основно образование по предметите согласно наставниот план во Концепцијата за основно образование: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Математика, Англиски јазик, Природни науки, Општество, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, како и за наставниот предмет Техничко образование и информатика за четврто и петто одделение.

**Критериуми за избор**

**За соработниците од училиштата**:

- високо образование за соодветната област/подрачје;
- најмалку 3 години работно искуство во воспитно-образовната работа;
- објавени стручни трудови кои се од значење за унапредување на воспитанието и образованието, самостојно или како дел од тимот;
- учество со свои трудови на стручни собири за образованието;
- учество во истражувачко-развојни проекти од образованието.

**За соработниците од високообразовните и научните установи:**

- завршено најмалку магистерски студии;
- најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовната или научната дејност,
- искуство и познавања на соодветната област/подрачје,
- објавени стручни, односно научни трудови кои се од значење за унапредување на воспитанието и образованието;
- учество со свои трудови на научни и стручни собири за образованието;

- учество во истражувачко-развојни проекти од образованието.

**Дополнителни критериуми за избор на надворешните соработници**:

- познавање на компјутерски вештини;
- други способности и вештини за извршување на работите.

**Начин на пријавување и избор**

Кандидатите треба да достават пријава и следната документација: биографија, потврда за работно искуство, уверение, сертификат и слично, стручни трудови за исполнување на условите утврдени со објавениот конкурс.

Конкурсот трае **5 (пет)** работни дена од денот на објавувањето во средствата за јавно информирање, не сметајќи го денот на самото објавување.

Пријавите со некомплетна документација и ненавремено доставените документи, нема да бидат предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација се доставуваат во архивата на Бирото за развој на образованието - Скопје, или по пошта со препорачана пратка на адреса: Биро за развој на образованието, ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Карпош II, П. фах 172, 1000 Скопје, (контакт лице Емилија Пановска, имејл: emilijapanovska@bro.gov.mk, тел. 3064-131 лок. 145).

Биро за развој на образованието